Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

**Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди**

Ев.број 14 - 134/1

2020 година

С к о п ј е

Корупцијата претставува особено комплексен социјален, безбедносен, криминолошки, политички и економски феномен кој што произведува закана за функционирањето на демократијата, правната држава и владеењето на правото. Корупцијата директно доведува до прекршување и злоупотреба на човековите права и слободи, а овозможува услови за развој на организираниот криминал и другите закани по безбедноста и стабилноста на државата и граѓаните.

Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси на Република Северна Македонија корупцијата ја дефинира како „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг".

Свесни за деструктивноста на корупцијата и опасноста од истата за стабилноста на државата, Министерството за внатрешни работи како една од институциите задолжени за справување со корупцијата, борбата против ова општествено зло ја постави за врвен приоритет на Министерството за внатрешни работи во 2020 година.

Министерството за внатрешни работи преку унапредување на нормативните и институционални капацитети, ќе настојува да воспостави, развива и применува ефикасни и функционални механизми со кои ќе се намалат ризиците од корупција.

Главен предизвик за Министерството во 2020 година ќе биде навремено детектирање и идентификација на ризиците од корупција и соодветно санкционирање на сторителите. Раководството на Министерството за внатрешни работи ќе одговори на предизвикот да изнајде соодветен и ефикасен начин за справување со корупцијата во сопствените редови.

За борба против корупцијата подеднакво се важни политичката волја, нормативните решенија, институционалната рамка, ефикасна примена на законите, институционалниот и личниот интегритет, функционалност на јавно-обвинителската служба и судска власт, како и соработка меѓу сите засегнати институции на насионални и меѓународно ниво.

Поаѓајќи од јасно изразената волја за справување со корупцијата на државно ниво но и во сопствените редови, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во име на Министерството за внатрешни работи за 2020 година, ја донесува следнава:

## А Н Т И К О Р У П Ц И С К А П Р О Г Р А М А

Антикорупциската програма на Министерството за внатрешни работи има за цел да идентификува потенцијални ризици од појава и постоење на корутпивни однесувања во Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и да воспостави систем на мерки кои ќе овозможат справување со корупцијата.

Посебен акцент во справувањето со корупцијата во 2020 година ќе биде ставен на надминување на констатираните состојби во Извештајот на ГРЕКО за евалуација на РСМ – петти круг за „Спречување на корупцијата и промовирање на интегритет кај централната власт и органите за спроведување на законот“. Преку имплементација на препораките се очекува да се постигне унапредување на професионалноста на вработените при извршувањето на задачите од овластувањата, со примена на соодветни знаења и вештини, јакнење на етичкиот капацитет, решителноста и чесноста, како и работењето во полза на јавниот интерес и на зголемување на довербата на јавноста.

Со воспоставување на критериуми ќе се рефлектира ефективноста на мерките усвоени од страна на властите на Република Северна

Македонија, со цел спречување на корупцијата и промоција на интегритетот кај органите за спроведување на законот.

Во контекст на наведеното од особено значење се условите за членство во Европската унија, за што е потребно доследно спроведување на законите во областа на полициското работење и почитување на човековите права и слободи. Оттука, сите активности треба да бидат фокусирани на контролата и надзорот врз работата на полицијата, мониторингот на транспарентноста и отчетноста во нејзиното работење, како и одговорното извршување на полициските работни задачи и спроведување на полициските овластување.

## 1. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

Антикорупциските активности во Министерството за внатрешни работи приоритетно ќе бидат насочени кон имплементација на препораките на ГРЕКО, со што се очекува унапредување на професионалноста на полициските службеници преку доследно почитување на законската и подзаконскта регулатива, и санкционирање на сите форми на корупција во Министерството за внатрешни работи.

Имајќи го предвид наведеното Антикорупциската програма на Министерството за внатрешни работи за 2020 година посебно внимание ќе посвети на:

1. Оперативната независност на полицијата во однос на Министерството за внатрешни работи;
2. Воведување мерки соодветни со постоечките правила за интегритет и непристрасност;
3. Консолидирани политики за спречување на корупцијата и интегритет на Министерството;
4. Механизам за управување со ризици од корупција во рамките на Министерството;
5. Донесување на Етички кодекс на однесување на вработените во МВР;
6. Подигнување на етичката свест на вработените во МВР;
7. Транспарентни и објективни критериуми и постапки за вработување во МВР;
8. Тест за интегритет за секое идно вработување во Министерството;
9. Објективни и транспарентни критериуми и процедури за периодични проверки на интегритетот на вработените;

10.Спроведување студија во врска со конфликт на интереси на поранешни вработени во МВР;
11. Обврска за пријавување на имот/интереси од стана на вработените во Министерството;
12. Пропишување на нови правила за водење на дисциплинска постапки;
13. Имплементација на Законот за заштита на укажувачи;
14. Транспарентност на Министерството

## 1.1 Оперативна независност на полицијата во однос на Министерството за внатрешни работи

Потребно е да се обезбеди оперативна независност на полицијата во пракса во однос на Министерството за внатрешни работи, преку анализа и измени на Законот за внатрешни работи и Законот за полиција, подзаконските и интерните прописи од аспект на утврдување на одредби кои упатуваат на конкретни ингеренции (наредби на Министерот за внатрешни работи во делот на работата на полицијата и полициските операции/акции).

## 1.2 Воведување мерки соодветни со постоечките правила за интегритет и непристрасност

Потребно е да се преземат релевантни мерки со цел да се обезбеди индивидуалните должности на полицајците да бидат соодветни на постоечките правила за интегритет и непристрасност заради извршување на своите функции на политички неутрален начин во пракса. Истото ќе се постигне со:
- донесување на Стратегија /Програма и Акционен план за јакнење на интегритетот и деполитизација на вработените во МВР;
- анализа и ревидирање на Законот за внатрешни работи во однос на можноста за ограничување на вработените во Министерството за внатрешни работи за членство во политичка партија;
- спроведување на обуки за подигнување на свеста, зајакнување на интегритетот и деполитизација на вработените во Министерството за внатрешни работи.

## 1.3 Консолидирани политики за спречување на корупцијата и интегритет на Министерството

Во насока на усвојување на фокусирани, ориентирани кон резултати и консолидирани политики за спречување на корупцијата и интегритетот на полицијата, потребно е донесување на План за интегритет на вработените во Министерството, кој ќе биде целосно интегриран во националниот анти-корупциски процес на планирање, заснован на систематски и сеопфатен преглед на областите склони кон ризици од корупција.

Станува збор за донесување на единствен документ врз целосна и темелна анализа на ризиците од корупција во полицијата со утврдени цели што треба да се постигнат и мерки за нивна реализација што ќе бидат предмет на редовна евалуација.

Во рамки на превентивните антикорупциски активности ќе бидат опфатени студентската младина и граѓанскиот сектор.

## 1.4 Механизам за управување со ризици од корупција во рамките на Министерството за внатрешни работи

Воспоставување на релевантен механизам за управување со ризици од корупција во рамките на Министерството, преку :

-утврдување на работни места во актот за систематизација и определување на овластени лица за управување со ризик во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, Одделот за односи со јавност и стратешки прашања и Бирото за јавна безбедност;

-пополнување на предвидените работни места со распишување на интерен оглас;

-обука за определените овластени лица.

## 1.5 Донесување на Етички кодекс на однесување на вработените во Министерството за внатрешни работи

Со цел да се консолидираат постојните одредби за етичките прашања и да понудат сеопфатни практични насоки и тоа за интегритет, конфликт на интереси, подароци и спречување на корупција, се наметнува потреба од донесување на единствен пропис, Етички кодекс

на однесување на вработените во МВР (во кој ќе бидат опфатени овластените службени лица и полициските службеници) во консултација со широк круг на засегнати страни, вклучувајќи вработени од Министерството на различни нивоа и граѓанското општество.

## 1.6 Подигнување на етичката свест на вработените во Министерството

Потребно е систематско подигнување на свеста на вработените во Министерството во однос на стандардите содржани во ревидираниот Етички кодекс и тоа преку:
- подигнување на свеста на вработените во МВР преку континуирани обуки по донесување на Кодексот;
- склучување на Меморандум за соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата со што ќе се уредат сите релевантни прашања во однос на спроведување на обука за вработените во МВР, во насока наподигање на свеста за стандардите содржани во новиот Кодекс;
- преку новосистематизираните работни места во Одделението за интегритет, превенција од корупција и заштита на човековите права, во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, да им се укажува на вработените за доследно почитување на Законот за спречување на корупција и судир на интереси и Законот за заштита на укажувачите.

## 1.7 Транспарентни и објективни критериуми и постапки за вработување во Министерството

Преземање на активности со цел обезбедување на вработување во Министерството, вклучувајќи и трансфер од други институции врз основа на објективни и транспарентни критериуми. Наведеното ќе се постигне со :
- ревидирање на Законот за внатрешни работи во делот на одредбите за засновање на работен однос без јавен оглас, како и со преземање на работници од други органи и институции, со предвидување на наведената можност за конкретни работни места утврдени во Правилникот за систематизација на работни места во Министерството;

- ревидирање на Правилникот со утврдување на работни места чие пополнување е предвидено да се изврши без јавен оглас.

## 1.8 Тест за интегритет за секое идно вработување во Министерството

Со ревидирање на Законот за внатрешни работи и подзаконските прописи со кои се уредува постапката за засновање на работен однос во Министерството за внатрешни работи, со воведување на тест за интегритет, како дел од постапката за вработување, како и негово континуирано спроведување, ќе се воспостави редовна проверка на интегритетот на новопримените и постојните вработени.

## 1.9 Објективни и транспарентни критериуми и процедури за периодични проверки на интегритетот на вработените

Потребно е воведување на објективни и професионални критериуми и процедури за периодични проверки на интегритетот на полицискиот персонал, а резултатите од таквите проверки да се користат во постапките за унапредување. Наведеното може да се постигне преку:

- ревидирање на Законот за внатрешни работи со цел утврдување на критеруми и начин на спроведување на практична проверка на интегритетот на работниците чии резултати би се користеле во постапката за унапредување и водење на дисциплинска постапка;
- развивање на програма за спроведување на оваа активност.

## 1.10 Спроведивање студија во врска со конфликт на интереси на поранешни вработени во МВР

Преку спроведување на студија, ќе се дефинира потребата од евентуална интервенција во правната рамка на Министерството за внатрешни работи во однос на праксата на полициските службеници да продолжат со активности по завршувањето на нивното вработување, што само по себе носи ризиците од конфликт на интереси.

## 1.11 Обврска за пријавување на имот/интереси од стана на вработените во Министерството

Во однос на настаната правна празнина со стапување во сила на Законот за спречување на корупција и судир на интереси, во делот на доставувањето на изјави за пријавување на имот и судир на интереси од страна на вработените во Министерството, потребна е соодветна анализа за потребата од воведување на ваква обврска.

## 1.12 Воспоставување на нова методологија за водење на дисциплинска постапка

Се наметнува потребата од ревизија на системот за дисциплинска постапка во МВР, со цел пропишување на потполно нови правила за водење на дисциплинските постапки, со професионално формирани Комисии за водење на постапки за утврдување на дисциплинска одговорност и можноста Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди да биде овластен предлагач за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.

## 1.13 Имплементација на Законот за заштита на укажувачи

Министерството за внатрешни работи ќе презема активности за зајакнување на мерките за практична имплементација на Законот за заштита на укажувачите, со спроведување на:

- обуки во областа на заштита на укажувачите, во насока на информирање на работниците за можноста од укажување и постапката на укажувањето;
- обезбедување на соодветна просторија, надвор од Министерството за внатрешни работи, односно подоборување на условите за работа на лицето за контакт, определено согласно прописите за заштита на укажувачите.

## 1.14 Транспарентност на Министерството

Активностите за подобрување на пристапот до информации треба да се насочат кон редовно ажурирање на веб страницата на Министерството за внатрешни работи и тоа преку објавување на извештаи за постигнати резултати и ефикасност во работењето, статистики, правилници и други информации од интерес за јавноста. Акцентот треба да биде ставен на :

- Буџетот на Министерството;

- Правилникот за систематизација на работните места во МВР, со исклучок на работните места кои ќе останат со степен на класификација;

- Извештаи со статистички податоци во однос на спроведени дисциплински постапки;

- Статистички податоци за бројот на кривични дела извршени од страна на вработени во Министерството за внатрешни работи ;

- Спроведувањето на јавните набавки во Министерството за внатрешни работи.

# 2. ОБВРСКА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АНТИКОРУПЦИСКАТА ПРОГРАМА

Антикорупциската програма на Министерството за внатрешни работи, произведува конкретни обврски за сите организациски единици на Министерството.

Акцискиот план за нејзино спроведување е почеток на едно ново поглавје во кој јасно се дефинирани надлежните организациски единици и нивните задачи со кои би се остварила заедничката цел - сведување на корупцијата на најниско ниво.

Донесувањето на оваа програма, наметнува обврски за конкретни организациски единици во Министреството за внатрешни работи со јасна временска рамка за реализација.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди е надлежен да ја следи реализацијата на

Антикорупциска програма и активностите утврдени во Акцискиот план, кој е составен дел на истата.

Со координирани активности на сите организациски единици во Министерството за внатрешни работи можеме да се справиме со корупцијата како општествено негативна појава.

Имплементацијата на Антикорупциската програма е обврска на сите раководители на организационите единици во Министерството за внатрешни работи.

**МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
*Наќе Чулев*

**ДОПОЛНИТЕЛЕН**
**ЗАМЕНИК МИНИСТЕР**
**ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
*Славјанка Петровска*